ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-301*
*30.06.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 49, а во врска со член 33 и член 50 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Штип донесе:

**ОДЛУКА**

ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ЗА Измена и дополна на ГУП за Град Штип за Урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01 - дел, ЦЕ 04.01 - дел со Детален Урбанистички План за дел од Блок С3.06, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА за Измена и дополна на ГУП за Град Штип за Урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01 - дел, ЦЕ 04.01 - дел со Детален Урбанистички План за дел од Блок С3.06, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип, Нацрт План обединета постапка, изработена од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ - СКОПЈЕ, со тех.бр. 04-73/2024 од март 2025.

Член 2

Соопштението за организирање на **Стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа** ќе биде објавено во јавните гласила, веб страната на Општина Штип и информацискиот систем е-урбанизам.
Соопштението за **Јавна презентација со јавна анкета** ќе биде објавено во јавните гласила, веб страната на Општина Штип, информацискиот систем е-урбанизам и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

Член 3

Јавниот повик за спроведување на СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА започнува на 1 јули 2025 год (вторник) и истиот ќе трае до 15 јули 2025 год (вторник).

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА за ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 - ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведе со излагање на Нацрт плановите во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗМЕНА НА ГУП** ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). **ЈАВНАТА РАСПРАВА** ќе се одржи на 15 август 2025 (вторник) во 10:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип, додека **СТРУЧНАТА РАСПРАВА** ќе се одржи на 21 август (четврток) во 10:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП** ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). **ЈАВНАТА АНКЕТА** ќе се одржи на ден 24 јули (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 4

Учесниците во стручната расправа можат да ги достават своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.
Учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по нацрт планот да ги доставуваат на донеувачот во писмена форма преку анкетни листови, преку информацискиот систем е-урбанизам, како и по електронски пат преку информацискиот систем на е-урбанизам.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk